**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

# *С Т А Т У Т*

## *НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ*

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2023 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, 23 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр.52/2010 година), Собранието на Здружението на пензионерите на општина Центар-Скопје, на седницата одржана на ден 15.09..2023 година донесе

# С Т А Т У Т
## На Здружението на пензионерите на општина Центар-сСкопје

## И.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут на Здружението на пензионерите на општина Центар-Скопје (во натамошниот текст Здружение) се утврдуваат:

-името и седиштето на Здружението,

- целите на Здружението,

-дејностите со кои се остваруваат целите,

-начин на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членувањето во Здружението,

-правата и обврските и одговорностите на членовите,

-видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување,

-застапување по закон,

-начинот на стекнување и располагање со средствата,

-начинот на донесување на финансиски и други извештаи,

-Начинот на остварување на јавност и отчетност во работата,

-начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот,

-начинот на одлучување за статусни промени и престанок на Здружението,

-начинот на донесување на планови и програми,

-постапување со средствата и имотот во случај на престанок на Здружението,

-знакот и симболот на Здружението,

-внатрешните организациони форми,

-начинот на донесување на други акти,

-судир на интереси,

-начин на разрешување на спорни прашања и други прашања за работата на здружението.

2.-

## 1.ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 2

Името на Здружението е: Здружение на пензионерите на Општина Центар-Скопје.

Седиштето на Здружението е во Скопје на ул*Живко Чинго* бр.7

## 2.ПРАВЕН СТАТУС НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 3

Здружението на пензионерите на општина Центар-Скопје има својство на правно лице. Статусот на правно лице се стекнува со упис во Централниот регистар на Република Македонија.

Здружението не може да се трансформира во друг вид правно лице.

Член 4

Здружението има печат, штембил и амблем.

Печатот е во тркалезна форма со пречник од 26 мм, а во горниот дел полукружно е испишан текстот: Здружение на пензионерите на општина Центар, а во долниот дел водоравно е испишан зборот: Скопје.

Штембилот е во форма на правоагалник со димензии 6:2,5 см, во чиј горен дел водорамно се испишани името и седиштето на Здружението, а во долниот дел е оставен простор за бројот и датата.

Амблемот претставува круг во кој се впишува текстот: Здружение на пензионерите на општина Центар-Скопје.Во средината на кругот има цртеж на Камениот мост во Скопје. Во долниот дел на кругот стои дата 22.01.1954 година.

Член 5

Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и права утврдени со закон и со овој статут.

## 3.ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 6

Пензионерите од општина Центар се здружуваат во здружение поради: остварување и заштита на правата од пензиско и инвалидско осигурување, економските интереси, унапредување на културни, спортски и други активности на пензионерите, следење на прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита и други прописи од кои произлегуваат остварување на правата на пензионерите,информирање, организирање на културни манифестации и активности од забавен живот, спортски активности, одмор и рекреација, здравствена заштита на пензионерите, организирање и давање на помош на материјално загрозени пензионери, соработка со други здруженија, учество во работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на

Македонија, Градскиот сојуз на пензионерите на Скопје и други цели кои се од интерес за пензионерите во согласност со Уставот и законот.

## 4.ДЕЈНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

### Член 7

Заради остварување на целите од член 6 на овој статут, Здружението на пензионерите може да обавува дејности, класификацирани според националната класификација на дејности.

## 5.ТЕРИТОРИЈАЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 8

Здружението на пензионерите на општина Центар дејствува на територијата што ја покрива општината утврдена со граници на општината.

## 6.ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 9

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде секој граѓанин-корисник на пензија, кој е државјанин на Република Македонија кој живее на подрачјето на општина Центар-Скопје и ќе потпише изјава за членување во Здружението.

Член на Здружението може да биде и брачен другар кој не е пензионер како и други пензионери кои доброволно сакаат да пристапат во членството на Здружението, зашто дава одобрение Извршниот одбор.

Член на Здружението може да биде и странски државјанин корисник на пензија преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кој има живеалиште во Република Македонија на подрачјето на здружението.

Членството во Здружението почнува од месецот од кога членот почнува да плаќа членарина.

Во случај на престанок на членството поради доброволното истапување, изјавата задолжително се враќа во Здружението.

Здружението за своите членови води регистар кој се ажурира најмалку еднаш годишно, а за членовите на органите води посебно евиденција.

Член на Здружението може доброволно да истапи од членството,со поднесување изјава  или се престанување на плаќање на членарината.

### Член 10

Висината на членарината ја утврдува Одборот на Регистрираната организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија,

која се одбива при секоја исплата на пензијата преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

-членот на Здружението кој сака да истапи од членството и да не плаќа членарина треба да поднесе изјава до Извршниот одбор на Собранието на здружението.

Член 11

Членовите на Здружението имаат еднакви права и обврски.

Членот на Здружението ги има следните права и обврски:

-да избира и да биде избран во органите на Здружението и на нивните работни тела,

-редовно да плаќа членарина,

-да учествува во работата и активностите на Здружението според своите можности,

-да поднесува иницијативи и да дава предлози за разгледување на одделни прашања од надлежност на Здружението и да учествува во одлучувањето за тие прашања,

-да се залага и да придонесува за остварување на целите и задачите на Здружението,

-да бара и да добива совети и правна помош во врска со остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита.

Член 12

Членството во Здружението престанува со:

- истапување од членството на Здружението,
-со престанок на плаќање на членарината, и
-со смрт.

ИИ.ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

Органи на Здружението се:

-Собрание на Здружението
-Извршен одбор на Собранието
-Надзорен одбор на Здружението

**1.Собрание на здружението**

Член 14

Собранието е највисок орган на Здружението.

Член 15

Собранието се состои од 27 членови претствници во Собранието.

Мандатот на членовите на Собранието трае 4 (четири) години.

Собранието врши верификација на мандатот на членовите на Собранието по предлог на Верификационата комисија.

Член 16

Собранието избира претседател и потпретседател на Собранието од редот на членовите на Собранието, со јавно гласање од листата на кандидати по предлог на Кандидационата комисија на Собранието, доколку не се одлучи да се гласа тајно.

Претседателот и потпретседателот на Собранието не можат да бидат членови на Извршниот одбор на Собранието.

Собранието може да го разреши претседателот и потпретседателот на Собранието според постапката на нивниот избор, по предлог на една третина од членовите на Собранието, од Надзорниот одбор или една третина од формите на внатрешното организирање.

Потпретседателот на Собранието го заменува претседателот во случај на негово отсуство и врши определени работи од надлежност на претседателот што тој ќе му ги довери.

Член 17

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

-избира претседател и потпретседател на Собранието,

-донесува Статут на Здружението,

-донесува програма за работа,

-утврдува и донесува финансов план на Здружението,

-донесува одлука за времено финансирање на Здружението,

-усвојува годишен извештај за работата на Здружението,

-усвојува и донесува годишен извештај и го доставува до надлежните органи на Републиката и локалната самоуправа во случаите кога користи средства од Буџетот на Републиката и локалната самоуправа,

-одлучува за промена на целите и задачите на Здружението,

-одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението и го утврдува бројот на претставниците во Собранието,

-усвојува извештај за работата на Здружението и финансов извештај ги објавува во посебен билтен, а ги доставува до надлежен орган најдоцна до 30.април за предходната година,

-избира и разрешува членови на органите,

-избира Извршен одбор, Статутарна комисија и Надзорен одбор,

-избира претставници во Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија,

-избира претставници во Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје,

-одлучува за статутарните измени на Здружението,

-одлучува за престанок на Здужението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Собранието,

-одлучува за висината на износот за дел од членарината за финансирање на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје,

-одлучува за соработка и збратимување со други здруженија на пензионери во Републиката и надвор од неа,

-одлучува за други прашања кои не се во надлежност на другите органи на Здружението,

-одлучува во второ степена постапка по приговори на одлуките, решенијата и друго на Извршниот одбор,

-донесува деловник за својата работа

-врши и други работи во согласност со закон, овој Статут и други акти на Здружението.

Член 18

Собранието работи и одлучува на седници.

Собранието свикува седница најмалку еднаш во 6 месеци, а може по потреба и повеќе пати.

Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи претседателот на Собранието.

Поканата и материјалите за седница на Собранието се доставуваат најмалку 5(пет) дена пред одржување на седницата.

Седница на Собранието се свикува и по барање од Извршниот одбор, од Надзорниот одбор или од најмалку една петина од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот не свика седница на Собранието во рок од 14 дена од денот на поднесувањето на барањето, седницата ја свикува подносителот на барањето.

Член 19

Собранието може да донесува одлуки само ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број членови на Собранието

Одлуките на седниците на Собранието се донесуваат со јавно гласање

Собранието може да одлучи одделни одлуки да ги донесува со тајно гласање.

Одлуките се донесуваат на седници со мнозинство гласови од присатните членови на Собранието.

Секој член на Собранието има право на еден глас,

Гласањето по правило е јавно со кревање рака,

Статутот и одлуките за престанок на Здружението се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Во колку на седницата на Собранието нема доволно присатни за донесување одлуки, Собранието маже да одлучува со повик од претседателот на неприсутните членови да се изјаснат и гласаат преку телефон или на друг електронски начин. Гласањето по телефон се запишува во записник и се нагласува какво гласање е спроведено.

Со Деловникот на Собранието може да се утврди посебно мнозинство гласови за донесување на други одлуки.

Член 20

Изборите за членови на Собранието ги распишува претседателот на Собранието , најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на Собранието.

Изборите за членови на Собранието се одржуваат секоја четврта година.

Избори во формите на внатрешната организираност се одржуваат секоја четврта година.

На Конститутивната седница на Собранието се донесува посебен деловник за работа.

Конститутивната седница на Собранието ја свикува и со неа раководи претседателот на Собранието до изборот на работно претседателство од редот на членовите на Собранието.

Член 21

Членовите на Собранието ги имаат следните права и должности:

-да учествуваат во работата на Собранието и да заземаат ставови по прашањето за кое се одлучува;

-да ги запознаваат пензионерите во формите на внатрешната организираност од каде што е претставник за работата на Собранието, донесените одлуки и ставови на Собранието и неговите органи и тела.

Член 22

Избраниот член на Собранието се стекнува со права и должности со денот на верификацијата на мандатот.

Член 23

Мандатот на член на Собранието му престанува и пред истекот на времето за кое е избран во случаите: смрт, ако даде оставка, престане да биде член на Здружението или ако е отповикан.

За членот на кој му престанал мандатот поради причините од став 1 од овој член, се распишуваат дополнителни избори.

**2.Извршен одбор**

Член 24

Собранието избира Извршен одбор на Собранието од 10 членови.

Членовите на Извршниот одбор се избираат од редот на членовите на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае четити години.

Членовите на Извршниот одбор имаат еднакви права и одговорности и се рамноправни во одлучувањето.

Член 25

Извршниот одбор од редот на своите членови избира претседател на Извршниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

Извршниот одбор може да го разреши претседателот на Одборот според постапката за неговиот избор, по предлог од претседателот на Собранието, најмалку една третина од членовите на Извршниот одбор или од Надзорниот одбор.

Во случај на спреченост на претседателот на Извршниот одбор, претседателот на Собранието го свикува Извршниот одбор, а со седницата раководи најстариот член на Извршниот одбор.

Член 26

Извршниот одбор именува секретар.

Секретарот на Извршниот одбор се именува од редот на членовите на здружението и не е член на Извршниот одбор.

Член 27

Извршниот одбор се грижи за спроведување на Статутот, Програмата и другите акти на Здружението.

Собранието може, по предлог од Извршниот одбор, да го разреши членот на Извршниот одбор поради неспроведување на обврските и задачите во работата на Одборот.

Собранието може да го разреши целиот состав на Извршниот одбор пред истекот на мандатот и да избере нов поради неспроведувањето на обврските и задачите или донесувањето акти спротивни на Статутот и интересите на Здружението.

Член 28

Извршниот одбор работи и одлучува на седници.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи и да одлучува полноважно ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови.

Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присатните членови на седницата.

Со Деловникот на Извршниот одбор може да се утврди посебно мнозинство гласови од вкупниот број членови за одлучување на седницата.

На седницата на Извршниот одбор може, по покана од претседателот или врз основа на заклучок на Одборот, да присуствуваат и учтвуваат во работата и претседателите на формите на внатрешната организираност, одделни членови на Здружението и други претставници.

Претседателот на Собранието или потпретседсателот може да учествуваат во работата на Извршниот одбор без право на одлучување.

На седницата на Извршниот одбор се води записник, што се усвојува на првата наредна седница на Одборот.

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и секретарот на Извршниот одбор.

Член 29

Извршниот одбор на Здружението ги обавува следните работи:

-ги подготвува седниците на Собранието.

-го утврдува Нацртот на Статутот, Предлогот на Статутот.

-ги утврдува во предлог другите акти што треба да ги донесува Собранието.

-ги спроведува одлуките, заклучоците и ставовите донесени од Собранието.

-управува со имотот и средствата на Здружението без право на оутѓување.

-одлучува за користење на средствата на Здружението според намените утврдени со финансовиот план за тековната година.

-донесува деловник за работењето на Извршниот одбор.

-утврдува предлог деловник за работа на Собранието.

-утврдува предлог одлуки кои треба да ги донесе Собранието, согласно закон и овој Статут.

- основа комисии и го утврдува нивниот делокруг.

-констатира престанок на членство во Здружението по барање на член на Здружението,

-донесува одлуки, решенија и заклучоци по разни барања доставени од пензионери и други субјекти.

-оснива стручна служба, заради реализација, извршување на целите и задачите на Здружението.

-ги следи прописите од пензиското и инвалидското осигурување, правота на порастот на пензиите согласно законот и согласно одлуките на владата.

-ги следи прописите од областа на здравствената заштита , формирањето на позитивна листа на лекови и снабденоста со лекови.

-врши информирање на членството за работата на Собранието, Извршниот одбор и други органи и тела кои ги формира Собранието и Извршниот одбор.

-доделува  дипломи, признанија, благодарници и други награди на пензионери и други субјекти  кои се истакнале во своето работење и допринеле за афирмација на Здружението на спртски, културен и економски план.

-врши и други работи определени со закон и статут.

Член 30

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието за што  поднесува Извештај до Собранието, најмалку еднаш годишно.

Член 31

Претседателот на Извршниот одбор на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:

-ги свикува и раководи со седниците на Извршниот одбор, и го предлага дневниот ред.

-го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица.

-ги извршува Одлуките на Собранието и Извршниот одбор, ги спроведува решенијата, заклучоците и ставовите на Собранието и Извршниот одбор.

-води грижа за рационално користење на имотот, средствата и инвентарот на Здружението, а посебно за инвестициските средства за тековно одржување и новоградби.

-склучува  и потпишува договори во името на Здружението.

-одговорен е за реализцијата на приходите и расходите утврдени со финансискиот план и истите ги следи во тековната година за нивна правилна реализација.

-може да ангажира членови на Здружението за извршување на определени стручни работи за потребите на Здружнието.

-врши  и други работи за кои посебно е овластен со деловникот на Извршниот одбор, како и работи што  ќе му ги доверат Собранието и Извршниот одбор.

Член 32

Секретарот на Извршниот одбор ги врши следните работи:

-оперативно ги спроведува актите и ставовите на Извршниот одбор;

-го организира подготвувањето на материјалите за седниците на Собрранието и на Извршниот одбор;

-ги води записниците на Собранието и на Извршниот одбор;

-врши и други работи утврдени со деловниците на Собранието и на Извршниот одбор или што ќе му ги доверат Извршниот одбор и претседателот на Одборот.

**3.Надзорен одбор**

Член 33

-Надзорниот одбор е орган на Здружението кој го избира Собранието со мандат од 4 години на предлог на Кандидациона комисија,

-Надзорниот одбор се состои од 3 члена и од своите редови избира претседател, кои не можат да бидат членови на Собранието и Извршниот одбор,

Надзорниот одбор ги вртши следните работи:

-надзор и контрола на наменското користење и располагање на средствата со кои располага Здружението,

-ја следи примената на Статутот и Програмата, финансовиот план и врши контрола на приходите и расходите на крајот на деловната година,

Надзорниот одбор по извршената контрола за утврдената состојба ги известува Извршниот одбор и Собранието на Здружението.

Собранието може да ги разреши членовите на Надзорниот одбор по предлог од најмалку една третина од членовите на Собранието или од Извршниот одбор според постапка за нивниот избор.

7.ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ

Член 34

Членовите на органите на Здружението, одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението.,

Член 35

Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средствата на Здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице предизвикување штета на своите доверители.

Член 36

Членовите на органите на Здружението и нивните застапници според закон се одговорни солидарно за штетата на Здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Барање за надоместок на штета поднесува органот определен со Статутот или највисокиот орган.

8.ЗАСТАПНИК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

ЧЛЕН 37

Законски застапник на Здружениетио е претседателот на Извршниот одбор со права и обврски утврдени со Закон и овој Статут.

Застапникот го претставува Здружението во правниот промет утврден со овој Статут и одлуките на Собранието.

Застапникот на Здружението ги спроведува донесените одлуки на Собранието, Извршниот одбор и одлуките и заклучоците од избраните комисии од органите на Здружението.

Води грижа за рационално користење на имотот и средствата на здружението, инвестиционото одржување, техничко-тековното одржување на објектите и средствата со кои располага Здружението.

Склучува договори во името на Здружението.

Се грижи за остварување на плановите, планираните приходи и расходи утврдени од Собранието на Здружението, воедно е одговорен за реализацијата на утврдениот финансов план на приходите и расходите за тековната година.

Врши и други работи предвидени со овој Статут и другите акти донесени од органите.

## 9.СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 38

Здружението стекнува имот и средства од следните извори:

- Членарина
- Донации
- Од камата на средствата
- Од кирии и закупнини
- Приходи од инвестиции
- Дејности со кои се стекнува добивка
- Други приходи во согласност со Закон и со овој Статут

### Член 39

Со имотот на Здужението управува и располага Извршниот одбор во согласност со Законот и општите акти на Собранието.

Распределба на средствата на Здружението се врши со финансискиот план на приходите и расходите што секоја година го донесува Собранието по предлог од Извршниот одбор. Средствата се користат за остварување на целите и задачите на Здружението и за извршување на неговите обврски.

Материјално финансиското работење на Здружението се води и остварува според законски прописи.

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Здружението е претседателот на Извршниот одбор.

## 10.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

### Член 40

Основни форми на внатрешно организирање и делување на Здружението се ограноците и активите

Здружението со Одлука на Собранието, може да предвиди и други облици на внатрешно организирање.

Формите на внатрешната организираност имаат еднаков статус.

Бројот на формите на внатрешното организирање, подрачјето и условите ги утврдува Собранието со одлука.

### Член 41

Огранок се организира за подрачјето на една или повеќе урбани заедници во зависност од бројот на пензионерите кои живеат на тоа подрачје.

Активот на пензионираните просветни работници се организира за подрачјето на Здружението.

Правото да избира и да биде избиран во органите на Здружението членот на Здружението го остварува исклучиво во формите на внатрешното организирање.

### Член 42

Огранокот и Активот имаат собир што го сочинуваат сите членови кои живеат на подрачјето за кое се основани.

Собирот од редот на своите членови избира:

-членови во Собранието на Здружението;

-одбор на огранокот односно активот.

Одборот го сочинуваат пет членови за време од четири години.

Одборот од својот состав избира претседател.

### Член 43

Собирот го свикува претседателот на одборот по своја иницијатива, по заклучок на одборот или по барање на најмалку 15 членови на огранокот-активот.

Собир може да свика и Извршниот одбор на Собранието на Здружението.

Собирот може да се свика за разгледување на прашања од Статутот на Здружението кои се негови цели и задачи, како и за прашања во врска со работата на органите на Здружението и на членовите на Собранието избрани од огранокот и активот.

Собирот работи и одлучува полноважно ако на него присуствуваат најмалку 10% од вкупниот број членови од огранокот и активот.

Доколку и по истекот на половина час од закажаното време за почетокот со работата на Собирот на бидат присутни 10% од вкупниот број членови на огранокот и активот ќе работи и одлучува полноважно со присатни членови на собирот.

Член 44

Одборот на огранокот и активот ги вршат следните работи:

-дава мислење, предлози и забелешки по материјалите што ќе ги разгледува Собранието и Извршниот одбор,

-поднесува иницијатива и предлози за разгледување и решавање на одделни прашања од интерес на Здружението и за сите членови,

-се грижи за организирање и спроведување на културно-забавниот живот, одморот и рекреацијата, и спортските активност на членовите на огранокот и активот,

-организира посети на болни и изнемоштени пензионери.

## 11.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 45

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста на работата на Здружението се остварува преку можноста на седниците на неговите органи и тела да присуствуваат претставници на средствата за јавно информирање и на заинтересираните членови на здружението, преку соопштенија до средствата за јавно информирање и конференции со нивни претставници, објавување на актите на огласна табла, во билтени на здружението и на други начини со кои се овозможува запознавање на членовитте на здружението за работата на неговите органи.

## 12.СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 46

Здружението остварува соработка со други здруженија во Републиката и надвор од неа заради остварување на целите и програмите на Здружението од областа на културно-забавниот живот, спортските активности, одмор и рекреација и други активности зацртани во програмата на здружението

Член 47

Заради унапредување на својата работа и активности со усогласување на заедничките интереси во спроведување на целите и задачите, ако и за оставрување на други прашања од заеднички интерес, Здружението се здружува во Сојузот на здруженијата на пензионерите на

Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје и учествува во финансирањето на дејностите.

Здружението може да се раздружи од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје.

Одлука за разрешување донесува Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство гласови на вкупниот број членови на Собранието.

## 13.СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 48

За вршење на стручните и административно техничките работи од надлежност на Здружението се оснива стручна служба.

Стручната служба ја основа и нејзините задачи и обврски ги утврдува Извршниот одбор со посебен акт.

За извршување на работите од делокругот на стручната служба по правило се ангажираат членови на здружението.

## 14.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### Член 49

Материјално финансиското работење на Здружението се води и остварува според важечките прописи за материјално финансиското работење за кое се води книговодствена евиденција.

Право на надомест за вршење работа од интерес на Здружението имаат избраните, именуваните и ангажираните лица.

Висината на надоместокот на избраните, именуваните и ангажираните лица за работа во Здружението ја определува Извршниот одбор по предлог на претседателот.

### Член 50

Носителите на должностите и членовите на органите во Здружението, како и други пензионери кои ќе бидат ангажирани на одделни задачи за потребите на Здружението, имаат право на надонместок на патни и дневни трошоци до износот што се исплатува во органите на државната управа.

Наредбодател за извршување на финансиско-материјалното работење на Здружението за исплата на средствата е претседателот на Извршниот одбор на Здружението.

## 15.СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 51

Судир на интереси постои кога членот на Здружението, вршејќи ги овластувањата и должностите во врска со работењето на Здружението, остварува правен интерес во имотот или права и погодности за остварување на лични интереси за себе или за член на семејството или друго лице.

Член 52

Во случај на појава на судир на интереси се известуваат: Надзорниот одбор, Претседателот на Собранието и претседателот на Извршниот одбор и надлежните органи.

## 16.СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

Член 53

Во Здружението можат да се извршат статусни измени, и тоа: присоединување кон други здруженија или присоединување на друго здружение кон ова Здружение; спојување на Здружението; поделба на Здружението.

Статусните промени се остваруваат со донесување на Одлука од Собранието на здружението со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Статусните измени во здружението ќе се извршат согласно Законот за здруженија и фондации.

## 17.ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 54

Здружението на пензионерите, престанува да постои ако е:

-Донесена одлука за престанок од страна на Собранието на Здружението;

-Поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а седница на Собранието не е одржана,

-Во две последователни години не е донесена завршна сметка на Здужението;

-Статусна измена која предвидува престанок на Здружението;

- Донесена одлука од надлежен суд;

-Стечај и спроведена ликвидација, и

-Бројот на членовите на Здружението се намали испод предвидениот број за основање на Здружението.

Одлука за престанок на Здружението врз основа на став 1 алинеја 2, 3 и 7 од овој член донесува надлежниот суд на предлог на застапникот на Здружението.

## 18.ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

### Член 55

Статутот на Здружението се донесува и изменува според постапката утврдена со овој Статут.

Комисијата за статутарни и други правни прашања на Здружението изготвува текст на Нацртот на Статутот и го доставува до Извршниот одбор. Извршниот одбор го разгледува и го отврдува Нацртот на Статутот и го дава на јавна расправа во формите на внатрешното организирање на Здружението.

Јавната расправа по Нацртот на Статутот трае најмалку 15 дена.

Време траењето на јавната расправа по Нацртот го утврдува Извршниот одбор.

### Член 56

По истекот на рокот за јавна расправа, Комисијата за статутарни и други правни прашања врз основа на добиените предлози, мислења и забелешки од формите на внатрешно организирање и од членовите на Здружението, изготвува текст на прдлогот на Статутот и Извештај за резултатите од јавната расправа по Нацртот на Статутот и ги доставува до Извршниот одбор.

Извршниот одбор, врз основа на Извештајот на Комисијата и текстот на предлогот на Статутот, го утврдува Предлогот на Статутот и го доставува до Собранието на Здружението.

Собранието го донесува Статутот на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

### Член 57

Изменувањето и дополнувањето на Статутот на Здружението се врши според постапката за неговото донесување. Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Здружението можат да поднесат: формите на внатрешното организирање на Здружението или најмалку 50 членови на Здружението.

Постапката за изменување и дополнување на Статутот може да започне и по предлог од Извршниот одбор или врз основа на заклучок на Собранието.

Комисијата за статутарни и други правни прашања ги разгледува иницијативите, предлозите и заклучоците од ставовите 2 и 3 од овој член, утврдува ставови и мислења по нив и за тоа поднесува извештај на Извршниот одбор.

Одлука за пристапување кон изменување или дополнување на Статутот донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови, на предлог на Извршниот одбор.

Член 58

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието врз основа на мислење на Комисијата за статутарни и други правни прашања и предлог на Извршниот одбор.

ИИИ.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Здружението на пензионерите на оптината Центар, продолжува со работа како: ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА ОПШТИНАТА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ.

Актите на Собранието и Извршниот одбор на Здружението, донесени пред влегување во сила на овој Статут ќе се усогласат во рок од 3 месеци од денот на неговото донесување.

Член 60

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Здружението на пензионерите на општина Центар бр.03-47 од 31.10.2007 година

Бр.03-32/1<br>
25.08.2010 год.<br>
С к о п ј е

Собрание на Здружението на<br>
пензионерите на општината Центар<br>
Претседател,<br>
д-р Крсте Ангеловски с.р.